# Информатичко Форензичка Лабораторија




Скопје, 12/11/2013, бр.09-7042/1

*Со оглед на тоа што новите технички и технолошки достигнувања најдоа примена и во областа на сметководството и книговодството, при што се овозможува евиденциите, книжењата, документите и информациите со кои располагаат даночните обврзници да бидат обработени и зачувани во најразлични дигитални уреди, Управата за јавни приходи по примерот на најразвиените даночни администрации ја формира Форензичката лабораторија.*

Глобализацијата на светската економија и брзиот развој на техниката и технологијата револуционерно ги менува начините и формите на финансискиот криминал.
Дел од финансискиот криминал се и даночните затајувања и измами, поради што е потребно да се применат соодветни методи, техники и опрема за нивно спречување и откривање, како и ангажирање на специјално обучени експерти во областа на финансиите. Токму затоа, го имплементиравме проектот „Форензичка лабораторија“, која претставува значајна алатка за поефикасна превенција, откривање и санкционирање на даночните затајувања и измами.
Информатичко форензичката лабораторија на Управата за јавни приходи е изградена по најсовремени стандарди, која функционира во рамките на Генерален даночен инспекторат - Инспекторат за специјални контроли. Во лабораторијата ќе се врши испитување на информатичките системи и опрема кај даночните обврзници и утврдување дали постоеле постапки за финансиски малверзации и даночни затајувања. Со спроведување на форензичките процедури, специјално обучените даночни инспектори ќе вршат увид на дигиталните податоци во електронските деловни книги и другите евиденции кај даночниот обврзник, дали истите биле бришени или уништувани, реконструкција на изменетите и избришани податоци кои ќе се користат во водењето на постапките против сторителите.
Лабораторијата располага со софистицирана информатичка-техничка опрема и системи за форензичко прибирање на докази и анализа на податоци од компјутерска опрема, мобилни уреди и други медиуми за меморирање на дигитални податоци, чија вредност изнесува од 19.987.792 денари.
За реновирање на работниот простор и обезбедувањето на посебните просторни услови и стандарди за лабораторијата потрошени се 3.539.880 денари.

*__ИТ Форензик__ е техничка методологија која е дизајнирана да превзема, прегледува и анализира податоци во електронска форма, односно да обезбеди точни информации кои се сочувани во дигиталните апарати (уреди) и истата овозможува правење на квалитетни анализи, односно контроли, со цел од добиените информации значително да се подобрат ефектите во откривање на даночни затајувања.*

## Канцеларискиот мебел дониран од ТИКА

Во рамките на успешната соработка и донацијата од 23 илјади евра од нашиот долгогодишен партнер - Турската агенција за меѓународна соработка и развој (ТИКА), Форензичка лабораторија и реновирањето на Генералниот даночен инспекторат на УЈП се комплетирани со канцелариски мебел.
Ја користиме оваа прилика да ја изразиме нашата благодарност за подготвеноста на ТИКА да учествува и во имплементацијата на новиот проект „Конференциски центар на УЈП“, за кој Турската агенција донираше канцелариска опрема и мебел во вредност од 11 илјади евра.

## Обуки и соработка за даночна форензика

Брзиот технолошки раст носи промени и појава на нови форми на финансиски измами. Континуираната обука на даночните форензичари ќе биде клучна за ефикасно следење и справување со современите облици на даночни затајувања и финансиски криминал.
Покрај обуките за ракување со опремата во сертифицираните центри во Лондон, Загреб и Софија кои треба да завршат до крајот на Декември 2013 година, особено ќе биде значајна и континуираната размена на искуства и соработка со колегите од други даночни администрации и другите институции кои спроведуваат форензички процедури.








